# О П Ш Т И Н А   Г Е В Г Е Л И Ј А

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

16 април 2024 година    Гевгелија    Бр. 8    Година    XXXXIII

# С О Д Р Ж И Н А

Страна


256. Одлука за измена и дполнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година---------------------------------------------------- 3

257. Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2024 година------------------- 4

258. Одлука за прифаќање на Иницијатива за изработка на Измена и дополна на Детален Урбанистички План за дел од Блок 10 (дел од 10.5), о. Гевгелија--- 6

259. Одлука за прифаќање на Иницијатива за изработка на Измена и дополна на Детален Урбанистички План за дел од Блок 10 (дел од 10.5), о. Гевгелија--- 7

260. Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња и контрола на кучиња со сопственик затекнати на јавна површина на територијата на Општина Гевгелија за 2024 година----------------------------------------------- 8

261. Програма за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен -обележја во општина Гевгелија за период од пет години (2024 -2029)--- 12

262. Програма на Општина Гевгелија за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести за 2024 година-------------------------- 16

263. Одлука за измена на Одлуката за прифаќање на донација од Фондација "ИЦЕ БЕГОВ" – Скопје ------------------------------------------------- 24

264. Одлука за прифаќање на донација од компанијата "ЕЛМОТЕРМ" ДООЕЛ – Гевгелија -------------------------------------------------------------- 25

265. Заклучокот за неусвојување на Извештајот за состојбата на јавната безбедност на подрачјето на Општина Гевгелија ---------------------- 26

266. Решение за усвојување на Финансискиот извештај на ЈПКД ,,Комуналец"-Гевгелија за периодот 01.01.2023 – 31.12.2023 г. со посебен осврт за период од 01.10.2023-31.12.2023 година---------- 27

267. Решение за усвојување на Годишната сметка на ЈПКД "Комуналец" - Гевгелија за 2023 година-------------------------------- 28

268. Решение за усвојување на Извештајот за работењето на ЈПКД ,,Комуналец“-Гевгелија за 2023 година-----------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за измена и дполнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година**

Се објавува Одлуката за измена и дполнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 12.04.2024 година.

Бр.08-592/2
16.04.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

---------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 2 и 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр 5/02 г.), член 23 став (8) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11192/15 и 209/18 г. и ,,Службен весник на РСМ“ бр 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173 /22 г.), член 31 од Законот за буџетите (,,Службен весник на РМ“ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16г. и ,,Службен весник на РСМ“ бр.151/21 г.), член 93 став 2 од Законот за административните службеници (,,Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и ,,Службен весник на РСМ“ бр. 275/19, 14/20, 215/ 21 и 99/22 г.) одредбите на Колективниот договор за вработените во Општина Гевгелија бр.01-375/1 од 24.02.2021 год. Законот за плати и други надоместоци на пратениците во Собранието на РМ и други избрани и именувани лица во РМ (,,Службен весник на РМ“ бр.36/94, 44/90, 11/91,38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14 и 233/18 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/23,65/23 и 51/24 г.), член 9 од Законот за исплата на платите во Република Македонија (,,Службен весник на РМ“ бр. 70/94, 62/95, 33/97, 139/14, 147/15 г. и ,,Службен весник на РСМ“ бр.202/19 г.) и член 38 став (1) точка 4 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21), Советот на Општина Гевгелија на Четириесетипрвата седница одржана на ден 12.04.2024 година, донесе

# ОДЛУКА
**за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година**

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година (,,Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.17/2023 и 7/2024 год.), во членот 10 став (1) алинеа 4, износот 29.739,00 се заменува со 33.352,00 денари.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“, а ќе се применува од 01.03.2024 година.

Бр.09-577/1
12.04.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

---------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2024 година**

Се објавува Програмата за измена и дполнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2024 година, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 12.04.2024 година.

Бр.08-592/3
16.04.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

----------------------------------------------------------------

Врз основа на член 40 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ“ бр.32/20 и 111/23“) и член 38 став (1) точка 7 од Статутот на Општина Гевгелија („Сл. Гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 12.04.2024 година, донесе

# ПРОГРАМА

**за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2024 година**

1.Во Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2024 година , се врши следнава измена и дополнување:

Во Глава II, поднасловот 2 - Изработка на детални урбанистички планови за град Гевгелија по блокови, ревизија и измена на донесени детални урбанистички планови во став 2.15 се додава:

**Изработка на Измена и дополнување на Детален урбанистички план за блок 15 (дел 15.10), општина Гевгелија.**

2.Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-578/1
12.04.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

---------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

## З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлуката за прифаќање на Иницијатива за изработка на Измена и дополна на Детален Урбанистички План за дел од Блок 10 (дел од 10.5), општина Гевгелија**

Се објавува Одлуката за прифаќање на Иницијатива за изработка на Измена и дополна на Детален Урбанистички План за дел од Блок 10 (дел од 10.5), општина Гевгелија , што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 12.04.2024 година.

Бр.08-592/4
16.04.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

---------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 62 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл.Весник на РМ" бр.32/20 и 111/23) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија,, бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 12.04.2024 година, донесе

# ОДЛУКА

**за прифаќање на Иницијатива за изработка на Измена и дополна на Детален Урбанистички План за дел од Блок 10 (дел од 10.5), општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува прифаќање на Иницијатива за изработка на Измена и дополна на Детален Урбанистички План за дел од Блок 10 (дел од 10.5), општина Гевгелија.

**Член 2**

Потребата за изработка на Измена и дополна на Детален Урбанистички План за дел од Блок 10 (дел од 10.5), општина Гевгелија се утврдува од поднесената иницијатива од барателот Друштво за трговија на мало ,,ЛИДЛ Северна Македонија,, дооел Скопје.

**Член 3**

Средствата за изработка на урбанистичкиот план од член 1 на оваа одлука ќе се обезбедат од подносителот на иницијативата.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во ,,Службен Гласник на Општина Гевгелија,,.

Бр.09-579/1
12.04.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

-----------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за прифаќање на Иницијатива за изработка на Измена и дополна на Детален Урбанистички План за дел од Блок 10 (дел од 10.5), општина Гевгелија**

Се објавува Одлуката за прифаќање на Иницијатива за изработка на Измена и дополна на Детален Урбанистички План за дел од Блок 10 (дел од 10.5), општина Гевгелија , што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 12.04.2024 година.

Бр.08-592/5
16.04.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

-----------------------------------------------------------------

Врз основа на член 62 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл.Весник на РМ" бр.32/20 и 111/23) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија,, бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 12.04.2024 година, донесе

# ОДЛУКА

**за прифаќање на Иницијатива за изработка на Измена и дополна на Детален Урбанистички План за дел од Блок 10.5, општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува прифаќање на Иницијатива за изработка на Измена и дополна на Детален Урбанистички План за дел од Блок 10.5, општина Гевгелија.

**Член 2**

Потребата за изработка на Измена и дополна на Детален Урбанистички План за дел од Блок 10.5, општина Гевгелија се утврдува од поднесената иницијатива од барателот Миле Издушнов од Валандово.

**Член 3**

Средствата за изработка на урбанистичкиот план од член 1 на оваа одлука ќе се обезбедат од подносителот на иницијативата.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија,,.

Бр.09-580/1
12.04.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

---------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Програмата за контрола на популацијата на бездомни кучиња и контрола на кучиња со сопственик затекнати на јавна површина на територијата на Општина Гевгелија за 2024 година**

Се објавува Програмата за контрола на популацијата на бездомни кучиња и контрола на кучиња со сопственик затекнати на јавна површина на територијата на Општина Гевгелија за

2024 година, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 12.04.2024 година.

Бр.08-592/6
16.04.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

-----------------------------------------------------------

Врз основа на член 28 од Закон за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на РМ“ бр.149/14, 149/15 и 53/16), член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 38 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 12.04.2024 ја донесе следната програма:

# ПРОГРАМА

**за контрола на популацијата на бездомни кучиња и контрола на кучиња со сопственик затекнати на јавна површина на територијата на Општина Гевгелија за 2024 година**

## I. Вовед

Со оваа програма се утврдуваат активностите за третирање на бездомни кучиња, како и кучињата со сопственик затекнати на јавна површина, условите, организацијата и обемот на извршувањето, како и начинот на финансирањето.

За решавање на проблемот поврзан со зголеменото присуство на бездомни кучиња, односно за контрола на нивниот број, од страна на Светската здравствена организација за заштита на животните и позитивните законски прописи во Република Македонија, единствено е можен хуманиот начин на третирање на овие животни. Хуманиот третман подразбира згрижување и заштита на животните, но и заштита на безбедноста и здравјето на граѓаните во општината.

## II. Цели на програмата

Општата цел на Програмата е определување на општи мерки и активности што треба да се превземат на територијата на општината за ефикасна контрола и заштита на популацијата на бездомни кучиња, како и контрола на кучињата со сопственик затекнати на јавна површина и третман согласно прописите од областа на ветеринарното здравство и благосостојбата на животните.

## III. Предмет на програмата

Предмет на програмата е определување на мерки и активности што треба да се превземат во 2024 година за ефикасна контрола на популацијата на бездомни кучиња и кучињата со сопственик затекнати на јавна повшина, како и начинот на постапување . Активностите за хумано третирање на бездомни кучиња-скитници на територијата на Општина Гевгелија ќе опфатат:

-заловување на кучињата кое ќе го вршат шинтери од прифатилиштето,

-транспорт до прифатилиште кое ќе го вршат шинтери од прифатилиштето ,

-прием и преглед од доктор по ветеринарна медицина кој ќе го врши доктор по ветеринарна медицина од избрано ветеринарно друштво, се до добивање дозвола од АХВ за отварање на ветеринарна амбуланта во склоп на прифатилиштето,

-лабараториско испитување на заразни болести согласно прописите од областа на ветеринарното законодавство, вклучувајќи испитување од болеста лајшманиоза со земање на крв

од доктор по ветеринарна медицина од избрано ветеринарно друштво се до добивање дозвола од АХВ за отварање на ветеринарна амбуланта во склоп на прифатилиштето ,

-ветеринарно медицинскиот третман на кучињата,овариохистеректомија и орхиектомија, ке го врши доктор по ветеринарна медицина од избрано ветеринарно друштво се до добивање дозвола од АХВ за отварање на ветеринарна амбуланта во склоп на прифатилиштето

-постоперативно сместување и нега,кое ќе се одвива во прифатилиштето

-вакцинација и дехелментација и доколку е потребно лекување, ке ја врши доктор по ветеринарна медицина од избрано ветеринарно друштво се до добивање дозвола од АХВ за отварање на ветеринарна амбуланта во склоп на прифатилиштето,

-обележување со микрочип, ке го врши доктор по ветеринарна медицина од избрано ветеринарно друштво се до добивање дозвола од АХВ за отварање на ветеринарна амбуланта во склоп на прифатилиштето

- тест за социјализација ќе се врши во прифатилиштето од страна на лиценциран доктор по ветеринарна медицина и добиено решение од АХВ за вршење на тестот за социјализација ,

-враќање на заловените кучиња на реонот на нивно заловување или вдомување на кучињата, кое ќе го вршат вработени лица од прифатилиштето

- еутаназија на кучињата кои се болни и опасни по средината (болести и агресивност ) согласно прописите од областа на ветеринарното здравство, доктор по ветеринарна медицина од избрано ветеринарно друштво

- едукација и подигнување на јавната свест кај населението кое ќе биде спроведено од страна на Општина Гевгелија и ЈПКД Комуналец-Гевгелија.

Активностите за хумано третирање на кучиња со сопственици затекнати на јавна површина без присуство на сопственикот на територијата на Општина Гевгелија ќе опфатат:

-заловување на кучињата кое ќе го вршат шинтери од прифатилиштето,

-идентификување на сопственикот преку читање на податоците од вградениот микрочип преку ВИС ( ветеринарен информационен систем)

-известување и санкционирање на сопствениците на кучето.

Надлежноста за извршување на активностите од оваа програма Општина Гевгелија ги има доделено на ЈКПД Комуналец - Гевгелија со Одлука на Совет. За таа цел ЈПКД Комуналец - Гевгелија има склучено договор за извршување на услуга за заловување, стручен третман на кучиња скитници и нерегистрирани кучиња со економски оператор кој ги исполнува со закон пропишаните услови за извршување на опишаната активност. ЈПКД Комуналец - Гевгелија ќе постапува и благовремено ќе го извести избраниот извршител на дејствијата, по претходна писмена или усна пријава од страна на граѓаните, но и по сопствено утврдување дека бројот на овие животни на територијата на општината е значително зголемен.

## IV. Престој во прифатилиште, ветеринарно-медицински третман и понатамошно постапување со третираните кучиња

Заловените кучиња се транспортираат до прифатилиште, кое е регистрирано и има одобрување од Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија. Кучињата се сместуваат во кафези за карантинско сместување до добивање на резултати од анализа на крв од овластена лабараторија (лабараторија за паразитарни заболувања Факултет за ветеринарна медицина –Скопје) и се врши набљудување на кучињата од страна на докторот по ветеринарна медицина кој врши преглед на заловените кучиња и ги спроведува сите мерки согласно закон и тој одредува кои од нив ги исполнуваат критериумите за еутаназија.

Еутаназијата се врши:

-во согласност со важечките законски прописи и наредби;

-кога животното е заболено од заразна или паразитска болест која претставува опасност за здравјето на луѓето - зооноза (лишманијоза),

-кога кучињата преставуваат опасност кон луѓето или другите животни во околината, што се утврдува со тест за социјализација извршен од лиценциран доктор по ветеринарна медицина (вработено лице во прифатилиштето) и добиено решение од АХВ за вршење на тестот за социјализација,

Медицински третман на здрави кучиња се врши на следниот начин:

Сите клинички здрави животни се транспортираат до Ветеринарно друштво кое е одобрено од Агенцијата за храна и ветеринарство за ветеринарно-медицински третман на бездомните кучиња од прифатилиштето за што треба да се поседува валиден склучен договор, односно во посебен дел за оперативно и болничко лекување во прифатилиштето доколку го поседува. Сите животни кои по мислење на ветеринарен доктор ги исполнуваат критериумите за операција се оперираат-стерилизирааат/кастрираат. По завршената операција и пост оперативно опоравување животните се враќаат назад во прифатилиштето, односно во делот за престој во прифатилиштето каде се врши нивно редовно хранење и постојан надзор од страна на обучени лица.

Прифатилиштето се одржува согласно санитарно-хигиенските прописи: боксовите во прифатилиштето редовно се чистат, се врши дезинфекција и дезинсекција, а по потреба и соодветна дератизација на целиот простор. Изведувачот на Програмата е должен да склучи договор со овластен оператор за нештетно отстранување на лешеви и нус производи од животинско потекло, во специјално изградена гробна јама на соодветна комунална депонија, а исто така ќе ги собира и транспортира фекалиите/отпадот од прифатилиштето. Непосредно при напуштање на прифатилиштето кучињата се вакцинираат против болеста беснило и се третираат со средство против ендопаразити и ектопаразити. Третираните кучињата и обележани со микрочип се враќаат на реонот на заловување или се вдомуваат, а сите кучиња (вклучувајки ги и вдомените) се регистрираат во ветеринарно информативниот систем (ВИС Систем). Приоритет ќе се дава на вдомување на животните.

## V. Едукација и подигнување на јавната свест кај населението

Подигнувањето на јавната свест е клучна за справување и хуман третман на кучињата скитници. Изведувачот на Програмата е должен да обезбеди комуникација со граѓани преку разни форми на комуникација, да спроведува едукативни и промотивни активнос ти за подигнување на јавната свест за постапување со бездомни кучиња, да организира акции и настани за вдомување на кучиња.

## VI.Обем на активности

Програмата предвидува заловување и третирање на 100 до 150 бездомни кучиња годишно. Активностите ќе се одвиваат по потреба.

По спроведената проценка за 2023 година проценето е дека на територијата на Општина Гевгелија има 370 бездомни кучиња

Овластено лице во ЈПКД „Комуналец"- Гевгелија прима повици од граѓаните во работни денови од 07 до 15 часот, а во неработни денови пријавите се примаат преку Систем 48, каде има скитници и писмено по електронски пат го известува економскиот оператор за термин на заловување.

По повикот во првите (дневни) активности ќе се извршуваат редовните увиди и контроли на прометните појаси, согласно Програмата, но и ќе се интервенира по повик од граѓани. Кучињата треба да минале третман во прифатилиште да се кастрирани, микрочипувани, да им биде ставена маркица жолта на увото или околовратник. За истите кучиња се води регистар.

## VII. Планирани активности

ЈПКД „Комуналец" – Гевгелија планира отварање на ветеринарна амбуланта во склоп на веќе отвореното прифатилиште за згрижување и хумано третирање на бездомни животни крај Пречистителната станица. Изведбените работи се при крај и по добивање на дозвола од Агенцијата за Храна и Ветеринарство ќе почне со работа.

**VIII.Финансирање**

Финансирање на Програмата се врши од средствата обезнедени во Буџетот на Општина Гевгелија. За предметна програма се планирани финансиски средства од 710 000 денари за набавка на опрема и 590 000 денари за тековни трошоци.
Плаќањето ќе се врши врз основа на извршена реализација.

**IX.Извршител**

Носител на активностите од оваа Програма е ЈПКД „Комуналец“- Гевгелија , врз основа на претходна согласност на Советот на Општината Гевгелија. Извршителот ќе биде избран годишно на Јавен оглас преку Јавни набавки согласно позитивните законски происи.

**X.Надзор**

Надзор над извршувањето на Програмата врши Градоначалникот на Општина Гевгелија. Инспекциски надзор врши Одделението за инспекциски работи - Инспекторат на Општина Гевгелија преку инспекторите за комунални работи. Работата и активностите по Програмата се под надзор и на Агенцијата за храна и ветеринарство.

**XI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

За спроведените активности на терен, изведувачот е должен да изготвува извештаи кои ќе бидат доставени до ЈПКД „Комуналец“- Гевгелија .

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гевгелија “.

Бр.09-581/1
12.04.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

---------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програмата за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен -обележја во општина Гевгелија за период од пет години (2024 -2029)**

Се објавува Програмата за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен -обележја во општина Гевгелија за период од пет години (2024 -2029), што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 12.04.2024 година.

Бр.08-592/7
16.04.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

-------------------------------------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 17 од Законот за меморијалните споменици и спомен -обележјата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 89/08 и 152/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 103/21) и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 2/21 и 5/21), Советот на Општина Гевгелија, на седница одржана на ден 12.04.2024 година, донесе:

**ПРОГРАМА за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен -обележја во општина Гевгелија за период од пет години (2024 -2029)**

| | |
|---|---|
| Наслов на програмата: Предлог-Програма за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен -обележја во општина Гевгелија за период од пет години (2024 -2029) | |
| Град/општина | Општина Гевгелија |
| **Сектор** (организациона единица) **надлежен за спроведување на програмата** | Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт |
| **Вид на програмата** | ☒ Хоризонтална<br>☐ Вертикална |
| **Правен основ** | ✓ Законски основи:<br>- Закон за локална самоуправа;<br>- Закон за меморијалните споменици и спомен обележјата.<br>✓ Обврски од Национални стратегии и други правни документи:<br>- Статут на Општина Гевгелија; |
| **1. Вовед/опис на програмата** | Согласно одредбите од Законот за меморијалните споменици и спомен -обележјата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 89/08 и 152/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 103/21), советот на општините донесува Програма за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен -обележја. Со Програмата за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен-обележја, општината поблиску ги регулира прашањата поврзани со одбележувањето на значајни настани и истакнати личности со спомен обележја, што се од локално значаење, условите и постапката за подигање на спомен обележјата, субјектите одговорни за нивното подигање, заштита, чување, регистрите за нивна евиденција, како и надзорот и контролата над спроведувањето на одредбите од Законот за меморијалните споменици и спомен- обележјата. Програмата се донесува за период од пет години.<br>Спомен обележјата се: бисти, скулптури, плочи, чешми, фонтани и други уметнички и архитектонски дела и творби што со своите содржини и ознаки одбележуваат настани и личности од историјата и културата на нашата држава и кои се од локално значење.<br>За подигањето, чувањето, одржувањето, заштитата и користењето на спомен- обележјето, локацијата каде ќе се подигне советот на општината донесува одлука. Советот именува Одбор за подигање на спомен- обележје. |
| **2. Процес на донесување на програмата или** | Почетната точка за носење на Програмата е обврската на Општина Гевгелија за имплементација на Законот за меморијалните споменици и спомен -обележјата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 89/08 и 152/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. |

| | |
|---|---|
| **идентификување точки за подобрување** | 103/21).<br>Градоначалникот испрати барања до Комисијата за образование, култура и спорт на Советот на Општина Гевгелија, до здруженија и институции од општината за доставување предлози за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен -обележја во општина Гевгелија.<br>Предлози испратија: ЈОУ-Библиотека „Гоце Делчев“ Гевгелија, ЈОУ Дом на култура „Македонија“ Гевгелија, Александар Јанев од Гевгелија, Комисијата за образование, култура и спорт на Советот на Општина Гевгелија, Советничката група на СДСМ и Гевгелиско Архиерејско Намесништво Гевгелија. |
| **3. Цел на програмата или цели и опис** | Основни цели на Програмата за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен -обележја се:<br>- Сочувување и афирмирање на материјалното и духовно наследство кое ни го оставиле овие личности,<br>- Сочувување и афирмирање на историскиот идентитет на Општината Гевгелија,<br>- Поттикнување на културниот туризам и локален развој. |
| **4. Мерки (или тематска област)** | **Мерка 1 – ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ И ИСТАКНАТИ ЛИЧНОСТИ ОД ЛОКАЛНО ЗНАЧЕЊЕ СО СПОМЕН – ОБЕЛЕЖЈЕ**<br>4.1. Активности кои треба да се преземаат за постигнување на мерката:<br>**4.1.1. Подигање спомен – обележја на значајни настани и истакнати личности од локално значење**<br>За период од 2024 до 2029 година, Општина Гевгелија со спомен – обележја ќе ги обележи следните значајни настани и истакнати личности:<br>- **Гоце Делчев (1872 – 1903)**, македонски национален херој, идеолог, организатор и водач на македонското револуционерно националноослободително движење кон крајот на XIX и почетокот на XX век.<br>**Предлог локација-** простор пред библиотеката (библиотеката располага со биста за која треба да се изработи постамент)<br>- **Леонид Јанков (1879 – 1905)**, учесник во македонското револуционерно движење, раководител и војвода на Македонската револуционерна организација, учесник во Илинденското востание.<br>**Предлог локација-** кружен тек на влезот од градот или кружен тек пред полиција.<br>- **Венијамин Мачуковски (1847 – 1878)**, македонски преродбеник, граматичар, просветен и црковен деец.<br>**Предлог локација-** пред Народен театар.<br>- **Аргир Манасиев (1872 – 1932)**, македонски револуционер, учесник во македонското револуционерно движење, член, раководител и војвода на Македонската револуционерна организација.<br>**Предлог локација-** градски парк на ул. „Маршал Тито“.<br>- **Ангел Динев (1891 – 1952)**, македонски револуционер, учесник во македонското револуционерно движење, деец на ВМРО (Обединета), македонски општественик, новинар, публицист, историчар и политички работник. |

| | | |
|---|---|---|
| | | **Предлог локација-** нов урбан парк.<br>- **Ангел Симов (1935 – 1998)**, фармацевт, основоположник на Фармацевскиот факултет во Скопје, пронаоѓач на лекот „Кафетин“.<br>**Предлог локација-** прак пред Основен суд Гевгелија.<br>- **Васка Дуганова (1922 – 1996),** македонски комунистички деец, прбоборец, правник и политичар, **Марика Ќаева (1915 – 1999),** прва доброволка во партизани од овој крај, **Нада Поп – Ристова (1925 – 2007),** првоборец, носител на партизанска споменица, **заедничко спомен – обележје**<br>**Предлог локација-** градски плоштад или кружен тек на во близина на ТППЕ Гевгелија.<br>- **Илија Карајанов (1943 – 2016),** писател, поет, добитник на седмоноемвриска награда.<br>**Предлог локација-** дворно место на СОУ „Јосиф Јосифовски“ Гевгелија.<br>- **Д-р Александар Сингер (1914 – 1996),** доајен на гевгелиското здравство, втемелувачот на медицинскиот центар во Гевгелија, основач на Интерното одделение, создавач на шаховскиот клуб „7 Ноември„.<br>**Предлог локација-** парк на ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Гевгелија.<br>- **Илија Џаџев (1926 – 1991),** хуманитарец, виртуоз на обична и хавајска гитара, поет и актер, самостоен амбасадор на нашата земја.<br>**Предлог локација-** пред Народен театар.<br>- **Д-р Димитар Бајалџиев (1944 – 2022),** автор на бројни научни и стручни трудови од областа на правото, министер за образование и наука во периодот од септември 1992 година до декември 1994 година.<br>**Предлог локација-** дворно место на СОУ „Јосиф Јосифовски“ Гевгелија.<br>- **Никола Гелебешев (1949 – 2022),** гевгелиската голманска легенда, фудбалската кариера ја започнал во Гевгелија во екипата на Кожуф. Потоа продолжил во МИК, а подоцна станал еден од столбовите на Работнички.<br>**Предлог локација-** градски стадион.<br>- **Мирче Ќорнаков (2018)** повеќекратниот државен шампион на Македонија во мото-крос.<br>**Предлог локација-** нов урбан парк.<br>- **Скулптура – група танчерки од три фигури во игра,** автор Александар Јанев, го претставува темелниот број 3 кој е израз на интелектуалниот и духовниот ред, Божествен и во космосот и во човекот.<br>**Предлог локација-** тревникот на западната страна од Народниот театар.<br>- **Параклис посветен на „Св. Архангел Михаил,** кој како заповедник на Небесната војска е заштитник и бранител на Господовиот избран народ.<br>**Предлог локација-** нов урбан парк.<br>- **Спомен- обележје на Светите Браќа Кирил и Методиј,** со |

| | |
|---|---|
| | што ќе им се одаде достојна почит на нашите Свети учители и просветители.<br>**Предлог локација-** кружен тек пред црквата „Св. Кирил и Методиј“ Гевгелија,<br><br>**Индикатори:**<br>- број на жени и мажи- предлагачи;<br>- број на предложени истакнати личности, жени и мажи за одбележување со спомен обележја,<br>- број на жени и мажи членови на **Одборот за подигање спомен обележја“.** |
| **5. Очекувани резултати од мерките** | Со подигнување спомен- обележја за одбележување значајни настани и истакнати личности во општина Гевгелија се подига свеста и почитта кон историските и културни вредности на заедницата, се прикажуваат значајните придонеси на истакнатите личности во различни области како што се културата, уметноста, науката, политиката и спортот, се зголемуваат свеста кај луѓето за нивните достигнувања и влијанието што го имале врз заедницата.<br>Спомен-обележјата можат да бидат атрактивни туристички атракции кои привлекуваат посетители и туристи, со што се создава можност за развој на туризмот и раст на локалната економија.<br>Тие создаваат можност за едукативни туристички посети и културни искуства за посетителите кои се интересираат за историјата и наследството на нашата општина.<br>Со подигнување на спомен- обележја се поттикнуваат луѓето да го ценат своето културно наследство и да се грижат за негова заштита.<br>Спомен-обележјата играат значајна улога во одржувањето на културното наследство и националната идентитет, а нивните резултати можат да имаат долгорочни последици за заедницата и нејзината култура. |
| **6. Ризици** | Економска и здравствена криза. |
| **7. Буџет на програмата и извори на финансирање** | Финансирањето на содржините од оваа Програма ќе се остварува од:<br>Буџетот на Општина Гевгелија,<br>Донации,<br>Други извори согласно закон. |
| **8. Следење и известување/ евалуација** | Извештајот за реализација на Програмата ќе го подготви Одделението за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт и ќе го достави на усвојување од Советот на Општина Гевгелија.<br>За секоја одржана активност од Програмата во текот на годината, Општина Гевгелија ги известува граѓаните преку нејзините официјални веб- и Фејсбук-страна. |
| **9. Завршни и преодни одредби** | За реализација на Програмата, надлежен е Градоначалникот на Општина Гевгелија.<br>Програмата влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Гевгелија“. |

Бр.09-582/1
12.04.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

---------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина

Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програмата на Општина Гевгелија за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести за 2024 година**

Се објавува Програмата на Општина Гевгелија за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести за 2024 година,што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 12.04.2024 година.

Бр.08-592/8
16.04.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

**------------------------------------------------------------**

Врз основа на член 14 став (2) од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр.66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 32/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.257/20) и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата, одржана на ден 12.04.2024 година, донесе:

**ПРОГРАМА на Општина Гевгелија за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести за 2024 година**

| | |
|---|---|
| Наслов на програмата: Предлог-Програма на Општина Гевгелија за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести за 2024 година | |
| Град/општина | Општина Гевгелија |
| **Сектор** (организациона единица) **надлежен за спроведување на програмата** | Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт |
| **Вид на програмата** | ☒ Хоризонтална<br>☐ Вертикална |
| **Правен основ** | ✓ Законски основ:<br>- Закон за локална самоуправа;<br>- Закон за заштита на населението од заразни болести;<br>- Закон за спречување и заштита од дискриминација;<br>- Закон за еднаквите можности на жените и мажите. |

<table>
<tr><td></td><td>✓ Други правни документи:<br>- Статут на Општина Гевгелија;<br>- Закон за здравствена заштита;<br>- Закон за комунални дејности;<br>- Закон за управување со отпад;<br>- Програма за работни активности на ЈПКД „Комуналец“-Гевгелија за 2024 година;<br>- Програма за дезинфекција, дезинсекција и дератизација во општина Гевгелија за 2024 година;<br>- Правилник за барањата за безбедност и квалитет на водата за пиење.</td></tr>
<tr><td>1. Вовед/опис на програмата</td><td>Програмата за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести е во согласност со член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести според кој, заштитата на населението од заразни болести претставува организирана општествена активност со цел да се спречи појавата или да се намали, отстрани или искорени ширењето на заразни болести, кои се од посебно значење за Република Северна Македонија.<br>За заштита од заразни болести се спроведува епидемиолошки надзор и се применуваат општи и посебни мерки. Епидемиолошкиот надзор го организираат и спроведуваат епидемиолошките служби при Институтот за јавно здравје- Регионален центар во Велес - Подрачна единица во Гевгелија.<br>Општите мерки за заштита од заразни болести и постигнување на целите се планираат и програмираат од страна на Општината, на предлог на Центрите за јавно здравје, согласно доставената Програма за спроведување задолжителна дезинфекција, дезинсекција и дератизација како мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на општина Гевгелија бр. 14-387/1 од 1 март 2024 година, изработена од ЈЗУ Центар за јавно здравје Велес - ПЕ Гевгелија.<br><br>Посебни (специфични) мерки за заштита на населението од заразни болести се:<br>1. Откривање заразни болести - поставување дијагноза;<br>2. Лабораториско испитување за утврдување на причинителот на заболувањето;<br>3. Пријавување заразни болести;<br>4. Епидемиолошки испитувања;<br>5. Превоз, изолација и лечење на болни од заразна болест;<br>6. Карантин и здравствен надзор;<br>7. Здравствени прегледи на одредени категории на вработени, како и на лица и бацилоносители одредени со закон;<br>8. Имунизација и хемиопрофилакса;<br>9. Дезинфекција, дезинсекција и дератизација по епидемиолошки индикации.<br><br>Специфичните мерки за заштита од заразни болести ги планираат и извршуваат здравствените работници во референтни здравствени установи, според специфичната цел и мерки за кои се регистрирани. Во услови на епидемии и катастрофи од поширок размер се спроведуваат и вонредни мерки за заштита од заразни болести. Вонредните мерки ги предлага Комисијата за заштита од заразни болести. Спроведувањето на мерките за заштита на населението од заразни болести и средствата за нивно спроведување имаат приоритет во однос на спроведувањето на останатите мерки за здравствена заштита.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| **2. Процес на донесување на програмата или идентификува-ње точки за подобрување** | Почетната точка за донесување на Програмата е обврската на локалната самоуправа за имплементација на Законот за заштита на населението од заразни болести.<br>Годинава, Општина Гевгелија одлучи самостојно да ги спроведува активностите за дезинсекција, за разлика од изминатите неколку години кога дезинсекцијата се спроведуваше во рамки на Центарот за развој на Југоисточниот Плански Регион. Имено, Советот на Општина Гевгелија за спроведување на општите мерки за ДДД донесе посебна Програма за 2024 година, бр. 09-2088/1 од 27.12.2023 година, а за нејзината реализација Општина Гевгелија ќе објави оглас за јавна набавка, согласно Законот за јавни набавки.<br><br>Податоци од ЦЈЗ- ПЕ Гевгелија разделени по пол, возраст и исход на болеста во 2023 година за пријавени заразни заболувања:<br>- Вирусен хепатитис Б- 3 лица, од кои 1 маж (од 20 до 29 години) и 2 жени (од 50-59 и над 60 години);<br><br>- Вирусен хепатитис Ц- 1 маж (од 50 до 59 години);<br><br>- Ентероколити- 15 лица, од кои 4 мажи (1 лице од 7 до 9 години, 1 лице од 20 до 29 години и 2 лица од 40 до 49 години) и 11 жени (1 лице од 1 година, 1 лице од 10 до 14 години, 3 лица од 15 до 19 години и по 3 лица од 40 до 49 и од 50 до 59 години),<br><br>- Инфективна мононуклеоза- 5 лица, од кои 2 мажи (1 лице од 7 до 9 години и 1 лице од 15 до 19 години) и 3 жени (1 лице до 3 години и 2 лица од 15 до 19 години);<br><br>- Овчи сипаници- 127 лица од кои 50 мажи (1 лице до 2 години, 3 лица до 3 години, 4 лица до 4 години, 12 лица до 5 години, 4 лица до 6 години, 11 лица од 7 до 9 години, 8 лица од 10 до 14 години, 2 лица од 20 до 29 години, 4 лица од 30 до 39 години и 1 лице од 40 до 49 години) и 77 жени (10 лица до 2 години, 5 лица до 3 години, 5 лица до 4 години, 10 лица до 5 години, 14 лица до 6 години, 19 лица од 7 до 9 години, 4 лица од 10 до 14 години, 4 лица од 15 до 19 години, 4 лица од 20 до 29 години и 2 лица од 30 до 39 години);<br>- АФП- 1 маж (до 5 години).<br><br>Не се евидентирани случаи на: Антракс, Бактер. алим. инфекции и интоксикации, Бруцелоза, Беснило, Бактериски менегити, Ботулизам, Вирусен хепатитис А, други Вирусни хепатити, Вирусни хепатитиси, Вирусни енцефалити, Вирусни менингитиси, Голема кашлица, Големи сипаници, Гонореа, Дамчест тифус, Детска парализа, Дифтерија, Ехинококоза, Жолта треска, Заушки, инфекции со ХиБ, инфекции со Хламидија, инфекција со Е. Colli, Јерсиниоза, Кампилобактериоза, Кјутреска, Колера, Криптоспоридиоза, Лајм борелиоза, Лајшманиоза, Легионерска болест, Лептоспирози, Листериоза, Маларија, Мали сипаници, Мемингококна болест, Прионски болести, Пневмококни инфекции, Салмонепози, САРС, Сифилис, Скарлатина, Тетанус, Тифус и Паратифуси, Токсоплазмоза, Туларемија, Хеморагична треска- Кримска, Хеморагична треска со бубрежен синдром, други Вируси хеморагични трески, Црвенка- Рубеола, Чума, Џардијаза, Шигелоза, Шуга, Туберколоза, СИДА, носители на Тифус и Паратифус, носител на вирус на Хепатит Б, носител на вирус на Хепатит Ц, носителство на ХИВ и носителство на причинител на Маларија.<br>Нема смртни последици. |

| | |
|---|---|
| **3. Цел на програмата или цели и опис** | 1. Обезбедување безбедна вода за пиење и контрола на исправноста на водата;<br>2. Отстранување на отпадните води и цврстите отпадни материи на начин кој спречува загадување на човековата околина;<br>3. Исполнување санитарно-технички и хигиенски услови во јавни објекти: (училишни и предучилишни установи, објекти за храна, објекти за водоснабдување, други јавни установи и други јавни места);<br>4. Вршење превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација;<br>5. Обезбедување превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението. |
| **4. Мерки (или тематска област)** | **МЕРКА 1- ЗАШТИТА НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ**<br><br>4.1. Активности кои треба да се преземаат за постигнување на мерката - опис на активностите, односно кои чекори ќе се преземаат за реализација на активноста:<br><br>4.1.1. **Вршење контрола на исправноста на водата од водоснабдителните системи во населените места во општината**<br><br>Општина Гевгелија и во 2024 година ќе продолжи да се грижи за континуирано снабдување на населението со доволни количини на здравствено исправна вода за пиење.<br>Согласно Одлука на Советот на Општина Гевгелија, водоснабдителниот систем во Општина Гевгелија е предаден на користење и одржување на ЈПКД „Комуналец“ во Гевгелија, кое го врши организираното водоснабдување на најголем дел од населението во Општина Гевгелија.<br>Верификација на квалитетот и исправноста на водата за пиење од системот за вода за пиење и информирање на корисниците за квалитетот на водата го врши ЈЗУ Центар за јавно здравје- Гевгелија. Редовниот мониторинг се спроведува еднаш месечно и тоа директно од системите за водоснабдување во сите населени места во општината.<br>Периодичните анализи се вршат двапати годишно во ЈЗУ Институт за јавно здравје Скопје.<br><br>4.1.1.2. Индикатори:<br>- број на жени и мажи корисници на вода за пиење;<br>- човечки ресурси;<br>- финансиски средства;<br>- хемиски средства.<br><br>4.1.1.3. Резултати:<br>- безбедна вода за пиење наменета за конзумирање од страна на човекот што не содржи микроорганизми, биолошки материи, физички и хемиски супстанции и радиоактивни особини кои се штетни по здравјето на човекот, како и да одговара во однос на органолептичките својства на водата за пиење.<br><br>4.1.1.4. Временa рамка:<br>- секој ден вршење анализа за квалитет на водата;<br>- еднаш месечно вршење физичко-хемиска анализа;<br>- двапати во годината анализа со целосен опфат.<br><br>4.1.1.5. Буџет: Општина Гевгелија и ЈПКД „Комуналец“- Гевгелија<br><br>4.1.1.6. Носител на активноста:<br>- ЈПКД „Комуналец“- Гевгелија; |

- Центар за јавно здравје Велес- ПЕ Гевгелија;
- Центар за јавно здравје- Скопје.

4.1.2. **Обезбедување хигиено-технички услови во училишните и предучилишни установи**

Децата и учениците се највулнерабилна категорија на население. За заштита на нивниот интегритет, а особено од заразна жолтица и други цревни заболувања се вршат и редовните контроли на училишните и предучилишните установи од страна на санитарниот и здравствен инспектор и Центарот за јавно здравје- ПЕ Гевгелија. Врз основа на теренските увиди, основните општински училишта „Владо Кантарџиев“ и „Крсте Мисирков“ во Гевгелија, „Ристо Шуклев“ во Негорци и „Климент Охридски“ во Миравци со подрачните училишта, СОУ „Јосиф Јосифовски“ Гевгелија и ООМУ „Васо Карајанов“ Гевгелија, и ЈОУДГ „Детска радост“- Гевгелија и клоновите добиваат извештај за фактичката состојба, со предлог мерки за подобрување доколку е потребно.

4.1.2.1. Индикатори:
- човечки ресурси;
- финансиски средства;
- хигиенски средства;
- број на жени и мажи вработени во училиштата;
- број на женски и машки ученици;
- број на жени и мажи вработени во детските градинки;
- број на женски и машки дечиња згрижени во детските градинки;
- број на заразени жени и мажи, машки и девојчиња.

4.1.2.2. Резултати:
- спречена опасност за ширење заразни болести.
- обезбедување висококвалитетни хигиенски и санитарно-технички услови во објектите, просториите и на јавни површини кои подлежат на епидемиолошки и санитарен надзор.

4.1.2.3. Времена рамка:
- во текот на 2024 година.

4.1.2.4. Буџет: Основни училишта и детски градинки

4.1.4.5. Носител на активноста:
- Основни училишта и детски градинки;
- Санитарен и здравствен инспекторат;
- Центар за јавно здравје- ПЕ Гевгелија.

4.1.3. **Правилно и навремено управување со цврст отпад и прочистување на отпадните води / изготвување флаери и плакати за правилна дистрибуција и селекција на цврстиот отпад**

Според Одлуката за комунален ред на Општина Гевгелија, организираното управување со цврст отпад го врши Јавното претпријатие за комунални дејности „Комуналец“- Гевгелија. Собирањето на сметот во

| | |
|---|---|
| | општина Гевгелија се врши преку подигање специјални садови-контејнери од 1.1 м$^3$, контејнери од 5 м$^3$ и канти од 120 литри. Преку Проектот на ЈПКД „Комуналец"- Гевгелија за селекција на комуналниот отпад и во 2024 година ќе се продолжи со бесплатна достава на урбана опрема во сите населени места, којашто ЈПКД „Комуналец"- Гевгелија ја обезбедува преку јавна набавка.<br>Флаерите ќе се дистрибуираат со сметките за вода и отстранување на отпадот, а плакатите ќе се постават на регуларни места и на контејнерите за отпад.<br>Исто така, Одделението за прочистување на отпадните води во ЈПКД „Комуналец"- Гевгелија ќе продолжи со неопходните редовни активности за непречено функционирање на прочистителните станици во Гевгелија, Миравци, Богородица и Моин.<br><br>4.1.3.1. Индикатори:<br>- човечки ресурси;<br>- финансиски средства;<br>- урбана опрема;<br>- број на жени и мажи во населените места.<br><br>4.1.3.2. Резултати:<br>- зголемена свест кај граѓаните и граѓанките за селекција на комуналниот отпад;<br>- намалување на количините на отпадни води коишто се преработуваат во прочистителната станица во Гевгелија со раздвојувањето на фекалната и атмосферска канализација со завршувањето на Проектот финансиран од KFW банката.<br><br>4.1.3.3. Времена рамка:<br>- во текот на 2024 година.<br><br>4.1.3.4. Буџет: Општина Гевгелија и ЈПКД „Комуналец"- Гевгелија<br><br>4.1.3.5. Носител на активноста:<br>- Општина Гевгелија и ЈПКД „Комуналец"- Гевгелија.<br><br>4.1.4. **Спроведување дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД) во населени места и други јавни површини**<br><br>Законот за заштита на населението од заразни болести налага превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација во здравствени, училишни, предучилишни и социјални установи, зелени пазари, канализации, депонии и друго.<br>Спроведувањето на ДДД во установите и другите јавни објекти ќе се врши врз основа на побарувања или склучени договори помеѓу ЈЗУ ЦЈЗ Гевгелија или други правни лица што ги исполнуваат условите пропишани со закон и прописите донесени врз основа на него и корисниците на овие услуги.<br><br>4.1.4.1. Индикатори:<br>- човечки ресурси;<br>- финансиски средства;<br>- број на жени и мажи во населените места. |

| | |
|---|---|
| | 4.1.4.2. Резултати:<br>- уништување на микроорганизмите;<br>- спречување на појава и репродукција на штетни членконоги;<br>- намалување на популацијата на штетни членконоги;<br>- одржувањето на популацијата на штетни членконоги на биолошки прифатлив минимум поради обезбедување на висококвалитетни хигиенски и санитарно-технички услови;<br>- спречување на влез, задржување и репродукција на штетни глодари,<br>- намалување на популацијата на штетни глодари;<br>- одржувањето на популацијата на штетни глодари на биолошки прифатлив минимум.<br><br>4.1.4.3. Времена рамка:<br>- по спроведување на тендерска постапка согласно Планот за јавни набавки на Општина Гевгелија.<br><br>4.1.4.4. Буџет: Општина Гевгелија, основни и средно училиште, детски градинки.<br><br>4.1.4.5. Носител на активноста:<br>- Општина Гевгелија и економски оператор за ДДД. |
| **5. Ризици** | Загрозено здравје, епидемија на заразна болест, појава на заразна болест во основните и средните училишта и установите за згрижување на децата од претшколска возраст. |
| **6. Буџет на програмата и извори на финансирање** | - Буџет на Општина Гевгелија за 2024 година – Програма R1 Заштита на животната средина и природа – 800.000 денари;<br>- Буџет на ЈПКД „Комуналец“- Гевгелија;<br>- Буџет на основни училишта, средно училиште и детска градинка. |
| **7. Следење и известување/ евалуација** | Известувањето и информирањето на граѓаните ќе се врши преку соопштенија на локалните медиуми, соопштенија истакнати на јавни места, веб-страната на Општината, соработка на Општината со локалните надлежни органи: ТППЕ- Гевгелија, ОВР- Гевгелија, Општа болница, Здруженија на пчелари и други субјекти, за точниот термин на акцијата, видот на препаратот и начинот на изведување на третманот.<br>Покрај претставник од локалната самоуправа (инспектор за заштита на животната средина), мониторинг над спроведувањето на превентивните активности на Општина Гевгелија за заштита на населението од заразни болести ќе врши и претставник од Центарот за јавно здравје, како и претставник од Агенцијата за храна и ветеринарство. |
| **8. Завршни и преодни одредби** | За реализација на Програмата, надлежен е Градоначалникот на Општина Гевгелија. Програмата влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Гевгелија“. |

Бр.09-583/1
12.04.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

-----------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за измена на Одлуката за прифаќање на донација од Фондација "ИЦЕ БЕГОВ" – Скопје**

Се објавува Одлуката за измена на Одлуката за прифаќање на донација од Фондација "ИЦЕ БЕГОВ" – Скопје, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 12.04.2024 година.

Бр.08-592/9
16.04.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

---------------------------------------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02г.), член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21г.), а во врска со член 6 од Законот за финансирањето на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15г.), и член 10 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на РМ" бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14, 153/15 и 209/18 год. и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 12.04.2024 година, донесе

# ОДЛУКА
**за измена на Одлуката за прифаќање на донација од Фондација "ИЦЕ БЕГОВ" – Скопје**

**Член 1**

Во Одлуката за прифаќање на донација од Фондација ,,ИЦЕ БЕГОВ“-Скопје, (,,Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.02/2024 г.), износот 2.568.659,40 денари се менува и **треба стои 3.921.659,40денари**.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-584/1
12.04.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

-----------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за прифаќање на донација од компанијата "ЕЛМОТЕРМ" ДООЕЛ – Гевгелија**

Се објавува Одлуката за прифаќање на донација од компанијата "ЕЛМОТЕРМ" ДООЕЛ – Гевгелија, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 12.04.2024 година.

Бр.08-592/10
16.04.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

----------------------------------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02г.), член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21г.), а во врска со член 6 од Законот за финансирањето на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15г.), и член 10 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на РМ" бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14, 153/15 и 209/18 год. и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 12.04.2024 година, донесе

# ОДЛУКА

**за прифаќање на донација од компанијата "ЕЛМОТЕРМ" ДООЕЛ – Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Гевгелија во својство на примател на донацијата ја прифаќа донацијата од компанијата "ЕЛМОТЕРМ" - ДООЕЛ Гевгелија, која што се состои во **поставување на фотонапонска електрана со капацитет од 40 KWp на кровните површини на ООУ "Владо Кантарџиев" – Гевгелија, во вредност од 1.727.000,оо денари без вклучен ДДВ.**

**Член 2**

Донацијата не создава никаква корист за давателот, ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

**Член 3**

Се задолжува одделението за правни работи во Општина Гевгелија да изготви Договор за прифаќање на донацијата со давателот на донацијата, да го реализира потпишувањето на истиот, како и да ја спроведе законски утврдената постапка пред надлежните државни органи.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-585/1<br>12.04.2024 год.<br>Гевгелија

Претседател<br>на Советот на Општина Гевгелија,<br>**Патрик Матх с.р.**

---------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за неусвојување на Извештајот за состојбата на јавната безбедност на подрачјето на Општина Гевгелија

Се објавува Заклучокот за неусвојување на Извештајот за состојбата на јавната безбедност на подрачјето на Општина Гевгелија, што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 12.04.2024 година.

Бр.08-592/11<br>16.04.2024 год.<br>Гевгелија

Градоначалник<br>на Општина Гевгелија<br>**Андон Сарамандов с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 13 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/02 г.), член 38 став (1) точка 35 и член 89 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија бр.26/05, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 12.04.2024 година, по расправата за Извештајот за состојбата на јавната безбедност на подрачјето на Општина Гевгелија за 2023 година, го донесе следниот

# ЗАКЛУЧОК

1.**Не се усвојува** Извештајот за состојбата на јавната безбедност на подрачјето на Општина Гевгелија за 2023 година.

2.Примерок од Заклучокот да се достави до МВР – Сектор за внатрешни работи – Струмица, до Полициска станица од општа надлежност- Гевгелија и до Народниот правобранител.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-586/1
12.04.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

-----------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Решението за усвојување на Финансискиот извештај на ЈПКД ,,Комуналец"-Гевгелија за периодот 01.01.2023 – 31.12.2023 година со посебен осврт за период од 01.10.2023-31.12.2023 година**

Се објавува Решението за усвојување на Финансискиот извештај на ЈПКД ,,Комуналец"-Гевгелија за периодот 01.01.2023 – 31.12.2023 година со посебен

осврт за период од 01.10.2023-31.12.2023 година, што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 12.04.2024 година.

Бр.08-592/12
16.04.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

**------------------------------------------------------------**

Врз основа на член 11 став (1) т.7 од Законот за јавните претпријатија (,,Сл. Весник на РМ“ бр.38/96, 09/97, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10,06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 02/19 г. и "Сл. Весник на РСМ“ бр.275/19 и 89/22г.) и член 38 став (1) т.31 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 12.04.2024 година, донесе

# РЕШЕНИЕ
## за усвојување на Финансискиот извештај на ЈПКД ,,Комуналец"-Гевгелија за периодот 01.01.2023 – 31.12.2023 година со посебен осврт за период од 01.10.2023-31.12.2023 година

1.Се усвојува Финансискиот извештај на ЈПКД "Комуналец“-Гевгелија за периодот 01.01.2023-31.12.2023 година, со посебен осврт за период од 01.10.2023-31.12.2023 година, усвоен и предложен од Управниот одбор на Јавното претпријатие со Одлука бр.02-458/2 од 14.03.2024 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-587/1
12.04.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

**------------------------------------------------**

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина

Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за усвојување за усвојување на Годишната сметка на ЈПКД "Комуналец" - Гевгелија за 2023 година**

Се објавува Решението за усвојување на Годишната сметка на ЈПКД "Комуналец" - Гевгелија за 2023 година , што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 12.04.2024 година.

Бр.08-592/13
16.04.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

------------------------------------------------------------

Врз основа на член 11 став (1) точка 7 од Законот за јавните претпријатија (,,Сл. Весник на РМ“ бр.38/96, 09/97, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 02/19 г. и "Сл. Весник на РСМ“ бр.275/19 и 89/22 г.) и член 38 став (1) точка 31 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/05 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 12.04.2024 година, донесе

# РЕШЕНИЕ
**за усвојување на Годишната сметка на ЈПКД "Комуналец" - Гевгелија за 2023 година**

1.Се усвојува Годишната сметка на ЈПКД ,,Комуналец“-Гевгелија за 2023 година, усвоена и предложена од Управниот одбор на Јавното претпријатие со Одлука бр.02-458/3 од 14.03.2024 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-588/1
12.04.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за усвојување Извештајот за работењето на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за 2023 година**

Се објавува Решението за усвојување на Извештајот за работењето на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за 2023 година, што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 12.04.2024 година.

Бр.08-592/14
16.04.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

------------------------------------------------------------

Врз основа на член 11 став (1) точка 7 од Законот за јавните претпријатија (,,Сл. Весник на РМ“ бр.38/96, 09/97, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10,06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 02/19 г. и "Сл. Весник на РСМ“ бр.275/19 и 89/22г.) и член 38 став (1) точка 31 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 12.04.2024 година, донесе

# РЕШЕНИЕ
**за усвојување на Извештајот за работењето на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за 2023 година**

1.Се усвојува Извештајот за работењето на ЈПКД ,,Комуналец“-Гевгелија за 2023 година, усвоен и предложен од Управниот одбор на Јавното претпријатие со Одлука бр.02-458/4 од 14.03.2024 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-589/1
12.04.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

***СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА***“, ***Излегува по потреба***
***Уредува и издава: Општина Гевгелија-Одделение за правни работи.***
***Ул. „Димитар Влахов“ бр. 4 Гевгелија***